| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Патот на четирите годишни времиња |
| **Содржина на денот** | Кружиме - со годишните времиња се дружиме |
| **Возраст** | 3-4 години |
| **Воспитувач** | Бојана Алексоска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор на тема-како треба соодветно да се облекуваме според годишното време за да го сочуваме нашето зравје. |
| **Активности** | Разговарајте со детето за промените во природата во четирите годишни времиња и користете слики преку кои детето полесно визуелно ќе препознава и опишува. Потоа нацртајте Вие сами или креирајте слики со апликации од колаж хартија со мотиви од пролет, лето, есен и зима. Поттикнете го детето  само да создаде своја приказна опишувајќи ги сликите. Запишувајте ги неговите реченици и заеднички насловете ја неговата приказна. Понудете му ликовен прибор и побарајте од него да ја илустрира приказната што ја  раскажа. Цртежот и текстот од неговата приказна закачете ги во неговата соба да се гордее на своите постигнувања. |